20211211974

ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 56 став 1 точка 3 а во врска со член 9 став 1 под б точка 3 и член 10 точка 6 од Законот за здравственото осигурување („Сл.весник на РМ“ бр. број 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/2010, 156/2010, 53/2011, 26/2012, 16/2013, 91/13, 187/13, 43/14, 44/14, 97/14, 112/14, 113/14, 188/14, 20/2015, 61/2015, 98/2015, 129/2015, 150/2015, 154/2015, 192/2015, 217/2015, 27/2016, 37/2016, 120/2016, 142/16, 171/2017 и „Сл.весник на РСМ“ бр. 275/2019), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија на седницата одржана на 18 март 2021 година, донесе

ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ИНДИКАЦИИТЕ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВО НА ОРТОПЕДСКИ И ДРУГИ ПОМАГАЛА

Член 1

Во Правилникот за индикациите за остварување на право на ортопедски и други помагала („Сл. весник на РМ“ бр. 33/2011, 66/2011, 99/2011, 5/2012, 84/2012, 159/2012, 151/2013, 10/2014, 113/2014, 189/2014, 1/2015, 46/2015, 211/2015, 158/2016, 45/2018, 129/2018, 160/2018, 228/2018, 10/2019, 20/2019, 44/2019, „Сл. весник на РСМ“ бр 82/2019, 222/2019, 239/2019, 31/2020, 53/2020, и 278/2020), во членот 43 точка 8 зборовите „120 месечно“ се заменуваат со зборовите „720 за 6 месеци“.

Член 2

Во Списокот на ортопедски и други помагала кој е составен дел на Правилникот, во делот од табелата ОСТАНАТИ ПОМАГАЛА И САНИТАРНИ СПРАВИ, за ортопедското помагало од вид 1, шифра 8111-Хидрофилен катетер, во колоната „ Рок на употреба во месеци според возраста “ за сите возрасни групи бројот „1“ се заменува со бројот „6“.

Во Списокот на ортопедски и други помагала кој е составен дел на Правилникот, во делот од табелата ОСТАНАТИ ПОМАГАЛА И САНИТАРНИ СПРАВИ, за ортопедското помагало од вид 1, шифра 8111 Хидрофилен катетер, во колоната „ Количина месечна “ бројот „120“ се заменува со бројот „720“.

Член 3

Овој Правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе се објави по добивање на согласност од министерот за здравство.

Бр. 02-4171/13
1 април 2021 година
Скопје

Управен одбор
Претседател ,
д-р **Ridvan Asani**, с.р.